# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## Јануари – Јуни 2012 година

од контроли на приватни здравствени установи - Аптеки

ФЗОМ

Скопје, Август 2012 година

**ВОВЕД**

Фондот за здравствено осигурување на Македонија склучува Договор со приватни здравствени установи аптеки - работни единици на територијата на Република Македонија за регулирање на односите, правата и обврските помеѓу ФЗОМ и здравствена установа аптека, за начинот на плаќање на здравствените услуги со кои се врши обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита.

Контролата на приватните здравствени установи аптеки во 2012 година се врши врз основа на член 54 и член 71 од Законот за здравственото осигурување, подзаконските акти донесени врз основа на овој Закон, договорите склучени меѓу Фондот и здравствените установи и останатите законски прописи.

Начинот на работа и овластувањата на контролорите за 2012 година се утврдени со Правилникот за овластувања и начин на работа на контролата на ФЗО (Сл.Весник на РМ бр.105/2010, 108/2010, 33/2011 и 29/2012). Контролата ја вршат овластени лица за контрола вработени во централната и/или подрачните служби на Фондот. Контролата на работењето на здравствената установа аптека се врши во подрачната служба на Фондот (вонтеренска контрола) и/или во здравствената установа (теренска контрола).

**1. КОНТРОЛА НА ПЗУ АПТЕКИ ВО ПОДРАЧНА СЛУЖБА - ВОНТЕРЕНСКА КОНТРОЛА**

ПЗУ Аптеките кои имаат склучен договор со Фондот до надлежната Подрачна служба на Фондот доставуваат фактури за издадените лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот, во писмена и електронска форма, заедно со пропратната документација согласно Договорот и Техничкото упатство на Фондот за аптеките.

Приемот и евиденцијата на финансиската документација од аптеките во Подрачните служби на Фондот се регулирани со Процедурата за управување со фактури и документи за плаќање во Подрачните служби на ФЗОМ.

По приемот на фактурите со прилозите од аптеките до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец, Подрачната служба на Фондот во рок од 45 дена врши редовна проверка, контрола на документацијата според законските прописи, договорот и упатствата за работа за Подрачните служби на Фондот. Потоа во рок од 10 дена ја известува аптеката за утврдените недостатоци. Доколку во рок од 55 дена Фондот не достави такво известување се смета дека рецептите се прифатени. По истекот на рокот од 55 дена доколку со дополнителна контрола Фондот утврди неправилности во рецептите и фактурите, го задржува правото дополнително да постапува по истите.

Со цел за поефикасна контрола на доставените фактури од ПЗУ аптеките во Подрачните служби на Фондот, од месец мај 2012 година пуштен е во употреба нов унапреден модул за електронска контрола на податоците добиени од ПЗУ аптеките. Со тоа контролата во овој дел значително е поедноставена и зајакната, со што се добива и на квалитетот на податоците.

**2. КОНТРОЛА ВО ПЗУ АПТЕКИ - ТЕРЕНСКА КОНТРОЛА**

Пред извршување на контролата, овластените лица за контрола ги проучуваат и анализираат сите податоци и информации потребни за вршење контрола на здравствената установа аптека која е предмет на контрола.

Контролата во здравствената установа аптека се врши во просториите на здравствената установа аптека и кај лице овластено за водење на деловните книги за сметководството и финансиите. Здравствената установа е должна на овластеното лице за контрола да му овозможи вршење на контролата, да му ги обезбеди потребните услови за вршење на контролата и да ја стави на увид и располагање целокупната медицинска и финансиска документација и евиденции, кои се од значење за вршење на контролата. Здравствениот работник присутен на контролата која се врши во тек или по потреба и надвор од работно време во здравствената установа, е должен да ги даде потребните објаснувања на барање на контролорите и да овозможи увид и контрола во документацијата и лековите согласно договорните и законските одредби.

**ВИДОВИ НА КОНТРОЛИ**

Контролите во ПЗУ аптеки спаѓаат во теренски контроли кои се вршат во просториите на субјектот за контрола. Теренските контроли можат да бидат:

- *Редовни* - кои се вршат според месечни планови во кои се планираат контролите во Подрачните служби и/или во Централната служба на Фондот. Подрачните служби на Фондот имаат обрска квартално да контролираат на терен најмалку по 25% од вкупниот број на аптеки со договор со Фондот од територијата на нивната Подрачна служба, односно секоја аптека која има договор со ФЗОМ треба да биде контролирана на терен најмалку еднаш годишно. Подрачните служби на Фондот изготвуваат месечен план за контроли на ПЗУ аптеки од вкупниот број на ПЗУ Аптеки на територијата на Подрачната служба на Фондот и го доставуваат до централата на Фондот во писмена и електронска форма.

- *Вонредни* - се вршат по налог на Директорот на Фондот, по налог на директорот на Сектор за фармација при ФЗОМ, директорот на секторот за контрола при ФЗОМ, директорот на секторот за финански прашања при ФЗОМ, раководител на Подрачна служба на ФЗОМ, како и по барање на осигурени лица или овластени институции, по барање на Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна при ФЗОМ и во други случаи опфатени со Правилникот за овластувања и начинот на работа на контролата на Фондот. Мобилни контроли во ПЗУ Аптеки се вршат согласно Упатството за мобилна и дежурна контрола на здравствени установи од примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита на ФЗОМ.

По извршените контроли во ПЗУ аптеки од страна на контролорите вработени во Подрачните служби на Фондот, еднаш месечно Подрачните служби доставуваат Извештај за реализирани контроли до секторот за фармација на ФЗОМ.

**ЦЕЛ НА КОНТРОЛАТА**

Фондот во здравствената установа аптека врши контрола на:

- остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица;
- примена на одредбите од Законот за здравственото осигурување и подзаконските акти донесени врз основа на тој закон и другите прописи;
- спроведување на договорните одредби;
- евиденцијата за издадени лекови на осигурени лица;
- контрола на фактурите за обезбедени здравствени услуги за издадени лекови на осигурените лица;
- пресметувањето и наплатувањето на партиципација;
- друго.

Контролата треба да опфати примена на законските и подзаконските акти, преку спроведување на одредбите од договорот и евиденцијата на здравствените услуги:

- докажување на идентитет и својство на осигурено лице (здравствена легитимација со фотографија и доказ за платен придонес за задолжително здравствено осигурување);
- компјутерска евиденција во согласност со Техничкото упатство за аптеки од Фондот;
- соодветствување на податоците за издадени лекови на товар на средствата на Фондот во компјутерската и друга евиденција;
- водење материјална евиденција;
- рокови на употреба на лековите;
- рецепти за издадените лекови, начинот на нивно пополнување и евидентирање;
- остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица;
- примена на одредбите од Законот за здравственото осигурување и подзаконските акти донесени врз основа на тој закон и другите прописи;

Во приватните здравствените установи аптеки, дефиниран репрезентативен примерок за контрола се најмалку 15 случајно избрани лекови.

Контролата треба да констатира дали:

- Асортиманот на лекови ги задоволува потребите на осигурениците,
- Правилно се пресметува и наплатува партиципација согласно Одлуката на Фондот,
- Се издава фискална сметка за наплатената партиципација,
- Се води евиденција во сметководството на здравствената установа според одредбите на соодветните законски и подзаконски акти,
- Освен партиципацијата правилно се наплатува и доплатата за лековите од осигурените лица,
- Се почитуваат ослободувањата од партиципација согласно Законот за здравствено осигурување и Програмите на Владата на РМ,
- Одлуката за партиципација е истакната на видно место во здравствената установа,
- Списокот на лекови без доплата е превземен од web страницата на Фондот и истакнат на видно место достапно за осигурениците,
- Се даваат целосни информации за лековите и нивната примена,
- Друго.

За извршената контрола во ПЗУ аптека задолжително се составува записник. Записникот за теренска контрола на здравствените установи аптеки со утврдена форма и содржина е составен дел на упатството за Подрачни служби на Фондот за контрола на ПЗУ аптеки. Записникот се составува во два примерока од кои еден примерок останува за здравствената установа и еден примерок за Фондот. Записникот содржи:

- <u>општи податоци</u>: дата и место на вршење на контролата, име, презиме и функција на лицата кои вршат контрола, назив, седиште, адреса на здравствената установа, број на решение за вршење на дејноста издадено од Министерството за здравство, број и дата на договорот склучен со Фондот, проверка на податоците за фармацевтскиот тим во здравствената установа (М1, М2 и ЗО-1 обрасци),
- <u>објективни констатации</u> за утврдените состојби и утврдените недостатоци во работењето.

Во записникот се евидентира фактичката состојба утврдена при контролата. Доколку се утврдат отстапувања, односно незаконитости во работењето на здравствената установа аптека, истите се наведуваат во записникот. Утврдените констатации во записникот се поткрепуваат и докажуваат со копија од евиденцијата и документацијата, изјави на осигурените лица и слично. Во записникот здравствената установа се задолжува во определен рок да ги отстрани сите недостатоци и неправилности утврдени со контролата, а кои со договорот се санкционираат со опомена. На крајот на контролата во записникот се внесуваат констатации за работењето на здравствената установа.

Субјектот на контрола може да поднесе приговор на записникот за извршената контрола во писмена форма во рок од 8 дена од денот на приемот на записникот, преку Подрачната до Централната служба на Фондот. Во случаите кога во записникот од извршената контрола се констатирани повреди за кои е предвидена мерка писмена опомена, овластеното лице за контрола ја задолжува аптеката во предвидениот рок да ги отстрани сите констатирани неправилности. По рокот предвиден во договорот (8 дена) се врши повторна контрола, во делот на приговорот и се изготвува нов записник.

Целокупната документација од извршените контроли треба да се чува согласно законските прописи, односно според важечката "Листа на документарен материјал со рокови на негово чување" на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

## ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈ НА АПТЕКИ И РЕАЛИЗИРАНИ КОНТРОЛИ ВО ПЗУ АПТЕКИ КОИ ИМААТ ДОГОВОР СО ФЗОМ

Податоците за бројот на ПЗУ аптеките со кои Фондот има склучено договори и за бројот на извршени контроли во овие аптеки за периодот јануари-јуни 2012 година се прикажани во Табела 1 и Графикон 1. Податоците за плановите и реализираните контроли на аптеките од Подрачните служби на Фондот истите ги доставуваат до Секторот за фармација при ФЗОМ. Тие податоци се опфатени со табелите и графиконите од овој извештај.

Во 2012 година ФЗОМ има склучено договори со вкупно 730 ПЗУ аптеки – работни единици до 31.12.2012 година. Во текот на 2012 година од страна на републичките контролори од Секторот за фармација при ФЗОМ, покрај останатите работни активности, направени се вкупно 221 контрола (30% од вкупниот број на ПЗУ аптеки-работни единици), а од страна на контролорите од подрачните служби на ФЗОМ направени се вкупно 294 контроли на здравствените установи-аптеки (40% од вкупниот број на ПЗУ аптеки-работни единици).

***Табела 1: Приказ на број на аптеки и реализирани контроли, прва половина 2012 година***

| | вкупен број на аптеки во РМ во прviот квартал 2012 година | вкупен број на аптеки во РМ во вториот квартал 2012 година | број на реализирани контроли на аптеки | % на реализирани контроли на аптеки |
|---|---|---|---|---|
| Подрачни служби | 743 | 730 | 294 | 40% |
| Сектор фармација | | | 221 | 30% |
| Вкупен број на контроли | | | 515 | 70% |

***Графикон 1: Приказ на број на аптеки со договор со ФЗОМ и реализирани контроли, прва половина 2012 година***



Податоците за планираните и реализираните контроли на аптеките на територијата на Р.Македонија извршени од страна на Подрачните служби на Фондот се доставуваат до Секторот за фармација во централната служба на Фондот. Податоците за периодот јануари – јуни 2012 година за планираните и реализираните контроли, вклучително и контролите извршени од страна на Секторот за фармација, се прикажани во Табела 2 во која е даден и приказ за исполнувањето на обврската на Подрачните служби на ФЗОМ за контрола на најмалку 25% од вкупниот број аптеки на територија на одредена Подрачна служба на ФЗОМ во квартал. Истовремено, од вториот квартал 2012 година контролите на ПЗУ аптеките на терен се зајакнати и од Секторот за фармација на Фондот. Во помалите Подрачни служби со помал број на аптеки има можност да се реализираат пофреквентни контроли со што се обезбедува и поголема ефикасност и квалитет во нивното работење во овој дел.

***Табела 2: Приказ на планирани и реализирани контроли за прв и втор квартал 2012 година***

| **Подрачна служба** | прв квартал 2012 година | | | | втор квартал 2012 година | | | | | | **Вкупно контроли прва половина 2012 година** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупен број на аптеки I квартал | планови | контроли | % на контролирани аптеки | вкупен број на аптеки II квартал | планови | контроли | % на контролирани аптеки | контроли од сектор фармација | % контроли од сектор фармација | **Број на контроли** | **% контроли** |
| **БЕРОВО** | 4 | 3 | 3 | 75% | 4 | 3 | 2 | 50% | 4 | 100% | **9** | **225 %** |
| **БИТОЛА** | 54 | 16 | 17 | 31% | 52 | 12 | 11 | 21% | - | 0% | **28** | **51,9%** |
| **МАКЕДОНСКИ БРОД** | 2 | 2 | 2 | 100% | 2 | 1 | 1 | 50% | 2 | 100% | **5** | **250%** |
| **ВАЛАНДОВО** | 4 | 3 | 3 | 75% | 4 | 1 | 1 | 25% | 4 | 100% | **8** | **200%** |
| **ВЕЛЕС** | 27 | 1 | 2 | 7% | 27 | 10 | 10 | 37% | 26 | 96% | **38** | **140,7%** |
| **ВИНИЦА** | 6 | 3 | 3 | 50% | 6 | 2 | 2 | 33% | 6 | 100% | **11** | **183,3%** |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 17 | 8 | 8 | 47% | 17 | 6 | 6 | 35% | 17 | 100% | **31** | **182,4%** |
| **ГОСТИВАР** | 24 | 4 | 4 | 17% | 24 | 6 | 6 | 25% | 15 | 63% | **25** | **104,2%** |
| **ДЕБАР** | 6 | 9 | 9 | 150% | 6 | 6 | 6 | 100% | - | 0% | **15** | **250%** |
| **ДЕЛЧЕВО** | 10 | 4 | 4 | 40% | 10 | 2 | 2 | 20% | 10 | 100% | **16** | **160%** |
| **ДЕМИР ХИСАР** | 3 | - | - | 0% | 3 | - | - | 0% | 3 | 100% | **3** | **100%** |
| **КАВАДАРЦИ** | 22 | 6 | 6 | 27% | 22 | 6 | 6 | 27% | 5 | 23% | **17** | **77,3%** |
| **КИЧЕВО** | 18 | 11 | 11 | 61% | 18 | 4 | 3 | 17% | 3 | 17% | **17** | **94,4%** |
| **КОЧАНИ** | 21 | 6 | 6 | 29% | 21 | 5 | 5 | 24% | 10 | 48% | **21** | **100%** |
| **КРАТОВО** | 2 | - | - | 0% | 2 | 2 | 2 | 100% | 2 | 100% | **4** | **200%** |
| **КРИВА ПАЛАНКА*** | 5 | 5 | 5 | 100% | 5 | - | - | 0% | 5 | 100% | **5** | **100%** |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КРУШЕВО** | 2 | 2 | 2 | 100% | 2 | - | 2 | 100% | 2 | 100% | **6** | **300%** |
| **КУМАНОВО** | 49 | 12 | 12 | 24% | 47 | 12 | 6 | 13% | 24 | 51% | **42** | **85,7%** |
| **НЕГОТИНО** | 4 | 3 | 4 | 100% | 3 | 1 | 1 | 33% | 3 | 100% | **8** | **200%** |
| **ОХРИД** | 28 | 2 | 2 | 7% | 28 | - | - | 0% | 27 + 1 затворена која повеќе не работи | 100% | **30** | **107,1%** |
| **ПРИЛЕП** | 39 | 10 | 10 | 26% | 39 | 10 | 12 | 31% | - | 0% | **22** | **56,4%** |
| **ПРОБИШТИП** | 6 | 2 | 2 | 33% | 6 | 2 | 2 | 33% | 6 | 100% | **10** | **166,7%** |
| **РАДОВИШ** | 9 | 3 | 3 | 33% | 9 | 3 | 3 | 33% | - | 0% | **6** | **66,7%** |
| **РЕСЕН** | 9 | 7 | 6 | 67% | 9 | 9 | 9 | 100% | - | 0% | **15** | **166,7%** |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 4 | 3 | 3 | 75% | 4 | 3 | 3 | 75% | 4 | 100% | **10** | **250,0%** |
| **СКОПЈЕ** | 237 | - | - | 0% | 230 | - | - | 0% | - | 0% | **0** | **0%** |
| **СТРУГА** | 20 | 6 | 6 | 30% | 19 | 6 | 4 | 21% | - | 0% | **10** | **50%** |
| **СТРУМИЦА** | 39 | 15 | 16 | 41% | 39 | 10 | 10 | 26% | - | 0% | **26** | **66,7%** |
| **ТЕТОВО** | 53 | 14 | 12 | 23% | 53 | 16 | 15 | 28% | 24 + 2 ЗАТВОРЕНИ на денот на контрола | 45% | **53** | **100%** |
| **ШТИП** | 19 | 8 | 8 | 42% | 19 | - | - | 0% | 18 | 95% | **27** | **137%** |
| **ВКУПНО** | 743 | 163 | 164 | 22% | 730 | 138 | 130 | 18% | 221 | 30% | **515** | **70,5%** |

## КОНСТАТАЦИИ ПО ИЗВРШЕНИ КОНТРОЛИ НА ПЗУ АПТЕКИ

Со зголемувањето на бројот и квалитетот на контролите, Фондот обезбедува подобро работење на ПЗУ Аптеките со кои има договор, односно обезбедува почитување и имплементација на договорните и законските одредби во секојдневното работење на аптеките. Со зголемувањето на бројот на контроли се обезбедува и унифицирано работење на ПЗУ аптеките во рамки на законските прописи, подобра снабденост на осигурениците со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот и поквалитетна здравствена услуга за осигурениците на товар на ФЗОМ.

Во Табелите 3 и 4, и Графиконот 2 е даден приказ на бројот на реализирани теренски контроли на ПЗУ аптеки, како и вкупниот број и процентот на записниците со констатирани неправилности во периодот јануари - јуни 2012 година.

***Табела 3: Вкупен број на контролирани ПЗУ аптеки и број на записници со констатирани неправилности во 2012 година***

| | број на реализирани контроли на аптеки | број на записници доставени до Комисија за изрекување на договорни казни | Број на записници доставени до Комисија за изрекување на договорни казни (%) |
|---|---|---|---|
| Подрачни служби | 294 | 37 | 13% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сектор фармација | 221 | 109 | 49% |
| вкупен број на контроли | 515 | 146 | 28% |

***Графикон 2: Вкупен број на контролирани ПЗУ аптеки и број на записници по контрола со констатирани неправилности во 2012 година***




***Табела 4: Број на контролирани ПЗУ аптеки и број на записници со констатирани неправилности одделно во секоја Подрачна служба во 2012 година***

| **Подрачна служба на ФЗОМ** | **Сектор за фармација** | | | **ФЗО Подрачни служби** | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број на контролирани аптеки | број на записници со констатирани неправилности | % на грешка од контролите збирно | број на контролирани аптеки | број на записници со констатирани неправилности | % на грешка од контролите збирно | вкупен број на аптеки/ записници со констатирани неправилности | % од вк.број неправилности |
| БЕРОВО | 4 | - | 0% | 5 | - | 0% | - | 0% |
| БИТОЛА | - | - | - | 28 | 3 | 11% | 3 | 2% |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 2 | 2 | 100% | 3 | 1 | 33% | 3 | 2% |
| ВАЛАНДОВО | 4 | 4 | 100% | 4 | - | 0% | 4 | 3% |
| ВЕЛЕС | 26 | 11 | 42% | 12 | - | 0% | 11 | 8% |
| ВИНИЦА | 6 | 1 | 17% | 5 | - | 0% | 1 | 1% |
| ГЕВГЕЛИЈА | 17 | 4 | 24% | 14 | - | 0% | 4 | 3% |
| ГОСТИВАР | 15 | 7 | 47% | 10 | 2 | 20% | 9 | 6% |
| ДЕБАР | - | - | - | 15 | 2 | 13% | 2 | 1% |
| ДЕЛЧЕВО | 10 | 4 | 40% | 6 | - | 0% | 4 | 3% |
| ДЕМИР ХИСАР | 3 | 3 | 100% | - | - | - | 3 | 2% |
| КАВАДАРЦИ | 5 | 4 | 80% | 12 | 3 | 25% | 7 | 5% |
| КИЧЕВО | 3 | 1 | 33% | 14 | 5 | 36% | 6 | 4% |
| КОЧАНИ | 10 | 6 | 60% | 11 | - | 0% | 6 | 4% |
| КРАТОВО | 2 | - | 0% | 2 | - | 0% | - | 0% |
| КРИВА ПАЛАНКА | 5 | 2 | 40% | - | - | - | 2 | 1% |
| КРУШЕВО | 2 | 2 | 100% | 4 | - | 0% | 2 | 1% |
| КУМАНОВО | 24 | 18 | 75% | 18 | - | 0% | 18 | 12% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НЕГОТИНО | 3 | 1 | 33% | 5 | - | 0% | 1 | 1% |
| ОХРИД | 28 | 15 | 54% | 2 | - | 0% | 15 | 10% |
| ПРИЛЕП | - | - | - | 22 | 5 | 23% | 5 | 3% |
| ПРОБИШТИП | 6 | 4 | 67% | 4 | - | 0% | 4 | 3% |
| РАДОВИШ | - | - | - | 6 | - | 0% | - | 0% |
| РЕСЕН | - | - | - | 15 | - | 0% | - | 0% |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 4 | 2 | 50% | 6 | - | 0% | 2 | 1% |
| СКОПЈЕ | - | - | - | | - | | - | 0% |
| СТРУГА | - | - | - | 10 | - | 0% | - | 0% |
| СТРУМИЦА | - | - | - | 26 | 8 | 31% | 8 | 5% |
| ТЕТОВО | 24 | 7 | 29% | 27 | 8 | 30% | 15 | 10% |
| ШТИП | 18 | 11 | 61% | 8 | - | 0% | 11 | 8% |
| **вкупно** | **221** | **109** | | **294** | **37** | | **146** | 100% |

***Табела 5: Преглед на вкупнио број на записници со констатирани неправилности за Подрачните служби на ФЗОМ- во првата половина од 2012 година***

| **Подрачна служба на ФЗОМ** | **Вкупен број на записници од контролирани аптеки** | **број на записници со констатирани неправилности** | **Неправилности од контролите (%)** | **вкупен број на записници со констатирани неправилности** | **Распределба на неправилности по ПС на ФЗОМ од вкупниот бројот на неправилности (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| БЕРОВО | 9 | 0 | 0% | - | 0% |
| БИТОЛА | 28 | 3 | 11% | 3 | 2% |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 5 | 3 | 60% | 3 | 2% |
| ВАЛАНДОВО | 8 | 4 | 50% | 4 | 3% |
| ВЕЛЕС | 38 | 11 | 29% | 11 | 8% |
| ВИНИЦА | 11 | 1 | 9% | 1 | 1% |
| ГЕВГЕЛИЈА | 31 | 4 | 13% | 4 | 3% |
| ГОСТИВАР | 25 | 9 | 36% | 9 | 6% |
| ДЕБАР | 15 | 2 | 13% | 2 | 1% |
| ДЕЛЧЕВО | 16 | 4 | 25% | 4 | 3% |
| ДЕМИР ХИСАР | 3 | 3 | 100% | 3 | 2% |
| КАВАДАРЦИ | 17 | 7 | 41% | 7 | 5% |
| КИЧЕВО | 17 | 6 | 35% | 6 | 4% |
| КОЧАНИ | 21 | 6 | 29% | 6 | 4% |
| КРАТОВО | 4 | 0 | 0% | - | 0% |
| КРИВА ПАЛАНКА | 5 | 2 | 40% | 2 | 1% |
| КРУШЕВО | 6 | 2 | 33% | 2 | 1% |
| КУМАНОВО | 42 | 18 | 43% | 18 | 12% |
| НЕГОТИНО | 8 | 1 | 13% | 1 | 1% |
| ОХРИД | 30 | 15 | 50% | 15 | 10% |
| ПРИЛЕП | 22 | 5 | 23% | 5 | 3% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРОБИШТИП | 10 | 4 | 40% | 4 | 3% |
| РАДОВИШ | 6 | 0 | 0% | - | 0% |
| РЕСЕН | 15 | 0 | 0% | - | 0% |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 10 | 2 | 20% | 2 | 1% |
| СКОПЈЕ | 0 | 0 | - | - | 0% |
| СТРУГА | 10 | 0 | 0% | - | 0% |
| СТРУМИЦА | 26 | 8 | 31% | 8 | 5% |
| ТЕТОВО | 51 | 15 | 29% | 15 | 10% |
| ШТИП | 26 | 11 | 42% | 11 | 8% |
| **вкупно** | **515** | **146** | **28%** | **146** | **100%** |

Од Табела 3, 4 и 5 и Графиконот 3 евидентно е дека 13% од теренските контроли кои се извршени од страна на контролорите во Подрачните служби на ФЗОМ и 49% теренските контроли кои се извршени од страна на републичките контролори од Секторот за фармација, односно 28% од вкупниот број контроли биле со наод за потреба од корекција на работењето на определени аптеки работни единици.

Односно  според Табела бр. 5 се гледа дека процентот на грешка во Подрачните служби на ФЗОМ е различен. Имено, со **над 5 %** грешки одвкупниот број на неправилности  констатирани со контролите на ниво на Република Македонија се вкупно **6 подрачни служби на Фондот** и тоа: ПС Куманово, ПС Гостивар, ПС Велес, ПС Штип, ПС Охрид и ПС Тетово.

Со **грешка од 3% до 5%** се вкупно 9 Подрачни служби на Фондот и тоа: ПС Валандово, ПС Гевгелија, ПС Делчево, ПС Прилеп, ПС Пробиштип, ПС Кичево,  ПС Кочани, ПС Кавадарци и  ПС Струмица.

Во скала со **грешка од 1% до 2 %** се 9 подрачни служби на Фондот: ПС Виница, ПС Дебар, ПС Крива Паланка, ПС Крушево, ПС Неготино, ПС Свети Николе, ПС Битола, ПС Македонски брод и ПС Демир Хисар.

**Без никакви забелешки по извршените теренски контроли во аптеките односно со 0% грешка** во првата половина од 2012 година се 5 подрачни служби на ФЗОМ и тоа ПС Берово, ПС Кратово, ПС Радовиш, ПС Ресен и ПС Струга.

Исклучок од овој статистички приказ на неправилности во аптеките е ПС Скопје бидејќи во првата половина од 2012 година не се извршени теренски контроли на аптеките.

За отстапувања во работењето на одредена ПЗУ аптека - работна единица од законските прописи и договорните одредби утврдени со контролата, предвидени се договорни санкции во степен од мерка опомена до мерка еднострано раскинување на договор. Висината на санкцијата ја определува Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна при ФЗОМ. Доколку аптека достави приговор по одлуката на првостепената комисија, постапува второстепена комисија.

## НАЈЧЕСТИ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ПЗУ АПТЕКИ

Од извршените контроли на ПЗУ аптеките како најчести утврдени неправилности во нивното работење од страна на контролорите поради кои записниците се доставени понатаму до Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна се следните:

- Проблеми со документацијата за аптеката или фармацевтскиот кадар
- Во Решението за вршење дејност издадено на аптеката од Министерство за здравство на РМ е наведено дека аптеката има дозвола за вршење на промет на мало за лекови од групата на наркотика, а аптеката не обезбедува вакви лекови за осигурениците на товар на Фондот,

- Списокот на лекови без доплата не е истакнат на видно место во аптеката или е истакнат во погрешен формат, нечитлив и слично
- Аптеката нема еден или повеќе лекови од ГЛБД образецот (генерички лекови без доплата) за кои согласно склучениот Анекс на Договорот со ФЗОМ од 01.04.2012 е обврзана да ги има во секое време, нема доказ да приложи на лице место дека лековите што недостасуваат се нарачани или доказот го доставува дополнително со писмен приговор,
- Несовпаѓање на материјалната состојба (количината) на одредени лекови на лице место во аптеката, со компјутерската евиденција во делот на лагер листата и материјалните картици на лековите,
- Неправилности во внесувањето и обработката на рецептите во компјутерската програма,
- Во аптеката нема интернет,
- Во аптеките нема бар код читач или истиот не се употребува,
- Неправилности за кои се изрекува мерка опомена и кои аптеката доколку не ги отстрани во рок од 8 дена подлежат на договорна казна (нема истакнато ознака дека работи со ФЗОМ, нема истакнато Одлука за висина на партиципација или рецептите од претходниот ден не се компјутерски обработени)
- Друго (осигурениците не се информираат за можноста да добијат лек без доплата, неисправни или неважечки сини картони, неправилности во начинот на издавање на лекот, неправилности во пресметувањето на партиципацијата или доплата или не се води евиденција во здравствената легитимација за издадениот лек на товар на ФЗОМ и сл.)

Процентуалната застапеност на најчестите неправилности од извршените контроли е прикажана во Табела 6 и Графикон 3.

***Табела 6. Приказ на неправилностите при контролите на ПЗУ аптеките***

| | **вид на неправилност** | **број на констатирани неправилности со записник** | **% од вкупниот број неправилности** |
|---|---|---|---|
| 1 | недостаток на лекови од ГЛБД образецот | 88 | 35% |
| 2 | проблеми со документација за аптеката или кадарот | 47 | 19% |
| 3 | несовпаѓање на лагер листата со материјалната состојба ана лековите на лице место | 41 | 17% |
| 4 | аптеката има Решение, а не нарачува лекови од групата наркотика | 29 | 12% |
| 5 | неправилности за кои се изрекува мерка опомена | 12 | 5% |
| 6 | нема истакнат список на лекови без доплата или истиот е нечитлив, во неправилен формат | 10 | 4% |
| 7 | Друго (осигурениците не се информираат за можноста да добијат лек без доплата, неисправни или неважечки сини картони, неправилности во начинот на издавање на лекот, неправилности во пресметувањето на партиципацијата или доплата или не се води евиденција во здравствената легитимација за издадениот лек на товар на ФЗОМ и сл.) | 10 | 4% |
| 8 | неправилности во обработката на рецептите | 4 | 2% |
| 9 | аптеката нема или не го употребува бар код читачот | 4 | 2% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | аптеката нема интернет | 3 | 1% |

*Графикон 3: Констатирани неправилности во работењето на ПЗУ аптеките*




Фондот за здравствено осигурување на Македонија продолжува и понатаму со активности за максимално обезбедување на нашите осигуреници со квалитетни здравствени услуги на товар на ФЗОМ во рамки на определените финансиски ресурси, во кои услуги спаѓа и обезбедувањето со лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во примарната здравствена заштита. По констатираните неусогласености на работењето на аптеките утврдени преку контролите, од страна на ФЗОМ се превземаат мерки и одредени активности соодветно на утврдениот проблем со цел ваквите недостатоци да се надминат.

Изработил: Јешим Алими
Фросина Цијевска

Кристина Тосевска
Марија Коневска

Контролирал: Кристина Христова

Одобрил: м-р Маја Парнарџиева Змејкова
Џемали Мехази